МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 2 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јануари 2024

***ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902***
***www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Буџетски Календар за 2024 година**

1.Се објавува Буџетски Календар за 2024 година, донесена на триесет и седмата седница (четврти дел) на Советот на Општина Карпош, одржана на 04 јануари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-108/5**
**Датум:09.01.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19) Советот на Општината Карпош на 37мата седница во 4 продолженија, одржани на 15.12.2023, 28.12.2023, 29.12.2023 и 04.01.2024 година донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
за 2024 година

1.

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Карпош го усвојува Буџетскиот календар | декември јануари |
| 2. | Градоначалникот на Општина Карпош подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници | најдоцна до 31 август |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позициите | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерството за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процена на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 20 октомври |
| 6. | Советот на Општина Карпош го одобрува Предлог-Планот на Програмите за развој | најдоцна до 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | | ноември |
| 7. | Секторот за финансирање и Буџет го изготвува предлог Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува Предлог-Буџет до Советот на Општина Карпош и организира јавна расправа по Предлог Буџетот | од 1 до 7 декември |
| 9. | Советот на Општина Карпош го донесува Буџетот | најдоцна до 31 декември |

2. Буџетскиот календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 09-8254/1 од 05.12.2023 година
Број 09-8254/21 од 26.12.2023 година
Број 09-8254/23 од 29.12.2023 година
Број 09-26/1 од 03.01.2024 година
Број 09-26/8 од 04.01.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Добрила Андоновска, с.р.